ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Централен депозитар за хартии од вредност
Ц Д Х В АД
Бр. 02 - 1138/1
27.02.2014 год.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

## ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

**2013 ГОДИНА**

**Скопје, Февруари 2014 година**

## Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2013 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање";
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Ваквата законска одредба беше основата за активностите на Депозитарот реализирани во 2013 година.

## Деловно окружување

Во текот на 2013 година Депозитарот својата активност ја остваруваше под влијание на повеќе интернационални и домашни фактори, кои влијаеа како врз пазарот на капитал, така и на состојбите во трговските друштва. Влијанието на овие фактори врз работењето на Депозитарот во 2013 година главно беше со негативен предзнак.

Во текот на 2013 светската економија забележа пораст од 3%, но што е многу поважно за Македонија, на ниво на евро зоната беше забележан пад од 0,4% како резултат на различното темпо на раст на одделните економски региони - знаците на закрепнување и раст во средишните економии проследено со негативните показатели кај земјите од јужната периферија на Унијата.

Во однос на Република Македонија, досегашните остварувања во реалната економија и најновите расположливи податоци упатуваат на солиден економски раст на годишно ниво и на остварување на проектираниот раст на БДП од 3,3% за целата 2013 година. И покрај тоа што закрепнувањето на странската побарувачка се одвиваше бавно, домашната економија повторно имаше солиден раст заснован врз специфичните фактори, како што се влезот на новите странски инвестиции и фискалниот импулс.

Во текот на 2013 година државата беше редовно присутна како издавач на примарниот пазар на хартии од вредност, при што согласно објавените каленради на аукции на хартии од вредност беа пуштени во промет и државни записи и државни обврзници со тенденција на продолжување на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност.

На Македонската берза продолжи трендот на намалување на берзанскиот промет така да во 2013 година е забележан пад на вредноста на прометот од 42% во однос на 2012 година. Вкупниот промет реализиран на Берзата во 2013 година изнесуваше 3,2 милијарди денари, односно околу 53 милиони евра, со дневен промет по сите основи од околу 140 илјади евра, што неминово се одрази на и на резултатите од работењето на Депозитарот. Намалената ликвидност создаде ситуација да некои од членките на Берзата и Депозитарот го изгубија економскиот интерес за понатамошно работење, што доведе до активности на затворање на нивните деловни потфати, односно, кај банките, укинување на одделите за работа со хартии од вредност. Во 2013 година странски инвеститори кои се повлекоа како резултат на ефектите од светската економска криза, не покажаа знаци на интерес за позначајно присуство на македонскиот пазар на хартии од вредност на куповната страна.

Измените и дополнувањата на Законот за трговските друштва, меѓу другото, предвидоа постапка на бришење на трговските друштва кои се неактивни ако не доставуваат/ поднесуваат годишни сметки и финансиски извештаи во Централниот регистар како клучна законска обврска согласно Законот за трговските друштва. Истовремено, со Законот се уредуви и конечното бришење од евиденцијата на УЈП на сметките на субјектите кои своевремено ја немаат испочитувано законската обврска деблокирани да ги пренесат своите сметки од поранешниот Завод за платен промет во деловните банки. Со законот, како неактивни друштва се продразбраа и друштвата кои од поранешната Агенција за блокирани сметки се

пренесени во Управата за јавни приходи а кои ниту се имаат усогласено со одредбите на важечкиот Законот за трговски друштва ниту ги имаат деблокирано своите сметки поради што иститe се и во состојба на апсолутна неможност за активирање. Ваквата законска рамка и фактот дека сите акционерски друштва задолжително ги водат совите акционерски книги во Депозитарот (со што се создаваа должничко-доверителски односи), создаде очекувања кај Депозитарот за бришење на извесен број на акционерски друштва и блокирање на нивните ИСИН броеви во системот на Депозитарот, што од своја страна наметна очекувања за соодветни реперкусии и во финансиските извештаи на Депозитарот, и тоа како на страната на приходите (помалку фактурирани приходи по основ на водење на акционерси книги), така и на страната на расходите (конечен отпис на фактурираните ненаплатени побарувања од претходните години, при што беше извесно дека друштвата кои ќе потпаднат под одредбите на измените и дополнувањата на ЗТД имаат значајни акумулирани неплатени обврски кон Депозитарот). Во текот на годината законодавецот изврши неколку измени во предвидените рокови и динамика за згаснување на ваквите друштва, така што роковите беа продолжени, со што сите очекувани негативни ефекти од оваа активност за финансиските извештаи на Депозитарот не се реализираа, односно се одложија за нареден период. Сепак, во текот на 2013 година, над извесен број на акционерски друштва во државата беше отворена постапка на редовен стечај, со што еден значаен дел од очекуваните негативни ефекти по основ на измените на ЗТД беа ефектуирани како редовни стечајни постапки на акционерски друштва.

Со измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност кои стапија на сила на 31 јануари 2013 година се предвиде воведување обврска за акционерските друштва кои во моментот не котираат на берза, а кои доколку ги исполнат условите за котација утврдени во Правилата за котација на Берзата, да се вклучат на задолжителна котација на Берзата. Обврската за задолжителна котација се предвиде да се применува во период од пет години. Проценка на Депозитарот беше дека воведувањето на задолжителна котацијата ќе има позитивни ефекти врз транспарентноста на акционерските друштва, развивањето на свеста за предностите од присуство на Берзата и ќе претставува потенцијал за заживување и развој на пазарот на капитал, особено во услови на повеќегодишно намалување на тргувањето на Македонската берза, меѓутоа дека не треба да се очекуваат брзи краткорочни позитивни ефекти во однос на деловното работење на Депозитарот.

# Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2013 година

## ❖ Евидентирање на издавачи и иматели на хартии од вредност

### Хартии од вредност

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2013 година

| Вид на хартии од вредност | Број на активни ИСИНИ | Издадена количина ХВ | Номинален капитал (МКД) |
|---|---|---|---|
| **Акции** | 642 | 319.206.732,00 | 213.286.812.003,10 |
| **Обврзници** | 72 | 1.117.264.928,00 | 32.907.259.010,62 |
| **Останати ХВ** | 34 | 4.274.412,00 | 42.744.120.000,00 |
| **Вкупно** | 748 | 1.440.746.072,00 | 288.938.191.013,73 |

### Сметки на иматели

Структура на сметки, по типови сметки, со состојба на ден 31.12.2013 година

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) | % промена во однос на претходната година | Број на сметки | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| Сопственичка сметка | 221.100.860.973,63 | 4,57 | 87.460 | -6,08 |
| Портфолио сметка | 11.824.816,03 | 38,57 | 34 | -10,53 |
| Застапничка сметка | 56.654.835,52 | 25,04 | 13 | -18,75 |
| Старателска сметка | 18.553.088.561,51 | 35,32 | 56 | 14,29 |
| Други сметки | 49.215.761.828,30 | -0,84 | 6.803 | 13,42 |

### Структура на иматели

Структура на сметки, по тип на инвеститор, со состојба на ден 31.12.2013 година

| Инвеститор | 31.12.2013 | 31.12.2012 | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 87.587 | 92.256 | -5,06 |
| Домашни правни лица | 2.388 | 2.424 | -1,49 |
| Странски физички лица | 1.351 | 1.373 | -1,60 |
| Странски правни лица | 209 | 216 | -3,24 |

## ❖ Утврдување и порамнување на трговски трансакции

### Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза

Порамнети трансакции во 2013 година склучени на Македонска Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции:

| МБХВ | 2013 година | 2012 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 3.240.247.581,00 | 5.588.234.365,00 | -42,02 |
| Количина ХВ | 15.676.018,00 | 25.172.563,00 | -37,73 |
| Број на трансакции | 13.585,00 | 14.935,00 | -9,04 |

Вредност на порамнети трансакции по членка МКД (куповна и продажна страна)




Број на порамнети трансакции по членка (куповна и продажна страна)




### Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот

Во следнава табела се прикажани податоци за порамнувањето на трговските трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | 2013 година | 2012 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 2.857.869.512,00 | 4.384.889.507,00 | -34,82 |
| Количина ХВ | 288.424,00 | 443.213,00 | -34,92 |
| Број на трансакции | 28,00 | 24,00 | 16,67 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 9 учесници на продажна страна и 8 учесници на куповна страна.

### ❖ Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во текот на 2013 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| | 2013 | 2012 | % промени |
|---|---|---|---|
| • Наследство | 1.120 | 1.025 | 4,57 |
| • Подарок | 329 | 339 | 38,57 |
| • Судски одлуки | 44 | 53 | 25,04 |

### ❖ Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

**Корпоративни активности на акционерските друштва во 2013 година**

| Активност | Број |
|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 18 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 18 |
| Нови емисии на постоечки акционерски друштва | 6 |
| Евидентиран стечај на акционерски друштва | 15 |
| Евидентирана ликвидација на акционерски друштва | 4 |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 4 |
| Останато | 2 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 4 |
| Поделба на акции | - |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2013 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

**Преземање на акционерски друштва**

Во текот на 2013 година преку Депозитарот беше реализирано преземање на две акционерски друштва согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

| Датум | Акционерско друштво | Број на преноси | Вредност на преземањето (МКД) |
|---|---|---|---|
| 02.04.2013 | Кјуби АД Скопје | 385 | 1.333.805.115,00 |
| 24.04.2013 | Фабрика Карпош АД Скопје | 34 | 15.422.220,00 |

## Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на регистар и на државни хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2013 година:

| Државни хартии | Број на емисии во 2013 | Износ (МКД) |
|---|---|---|
| нови емисии на тримесечни записи | 14 | 20.740.770.000 |
| нови емисии на шестмесечни записи | 32 | 53.572.880.000 |
| нови емисии на едногодишни записи | 20 | 20.355.640.000 |
| нови емисии на континуирани државни обврзници | 34 | 11.557.240.000 |
| **Вкупно** | **100** | **106.226.530.000** |
| емисии на доспеани тримесечни записи | 34 | 53.011.390.000 |
| емисии на доспеани шестмесечни записи | 23 | 34.175.280.000 |
| емисии на доспеани едногодишни записи | 10 | 3.242.460.000 |
| пресметани купони од континуирани државни обврзници | 25 | 605.318.751 |
| **Вкупно** | **92** | **91.034.448.751** |

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзниците на кои издавач е Министерството за финансии на РМ, во текот на 2013 година се извршени повеќе активности.

- Извршени се 4 пресметки на рати и камати на Обврзницата за гарантирање на инвестицијата за стратешки партнер
- Регистрирана е Дванаесетата емисија на обврзници за денационализација во износ од 13.000.000 евра, распоредена на 577 иматели.
- Извршена е пресметка на рати и камати на обврзници за денационализација од втора до единаесетта емисија

Во текот на 2013 година Депозитарот и понатаму ги вршеше активностите за примање нови штедни партии, пресметка на рати и камати и доставување соодветни информации до Министерството за финансии и до деловните банки за издадените обврзници од страна на Република Македонија за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија, и покрај тоа што обврзниците се истечени. Овие активности се вршат од причина што, согласно Закон, побарувањата од обврзниците не застаруваат, а Депозитарот е субјектот кој може да овозможи понатамошно сервисирање на обврските на државата.

### ❖ Известувања согласно Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот

На почетокот на 2013 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на акционерските друштва. Беа испратени 718 акционерски книги (по ИСИН број), до 549 акционерски друштва.

Во рамките на редовното годишно известување на имателите на хартии од вредност со состојба на 31.12.2012 година, во законскиот рок до 31.01.2013 година беа испратени 2.175 известувања до правните лица и 8.360 известувања до физички лица. Оваа обврска на Депозитарот престана со Измената и дополнувањето на Законот за хартии од вредност (Сл. Весник 13/2013 од 21.01.2013г) со која е избришан став 2 од член 67 од Законот со кој беше регулирано дека најдоцна до 31 јануари секоја година депозитарот на секој сопственик на сметка на хартии од вредност бесплатно му доставува извод од состојбата на неговата сметка на хартии од вредност со состојба на 31 декември од претходната година, со што Депозитарот за јануари 2014 година повеќе нема да биде законски обврзан за спроведување на оваа активност под досегашните услови.

Во текот на 2013 година имателите на сметки кои имале регистрирање или промена на сопственоста на хартии од вредност беа редовно известувани за настанатите промени, согласно одредбите на Законот за хартии од вредност. Вкупно по овој основ во текот на 2013 година беа испратени 11.173 известувања. Во овој број се опфатени и имателите на државни хартии од вредност купени на примарен пазар.

Со регистрирањето на дванаесетата емисија на обврзници за денационализација до имателите се испратени 532 известувања.

### ❖ Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2013 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 22 |
| Копија од акционерска книга | 90 |

## Членки на Депозитарот

На почетокот на 2013 година бројот на членките на Депозитарот изнесуваше 15 членки, од кои 10 брокерски куќи и 5 банки. Во текот на 2013 година, членството во Депозитарот трајно престана на две членки и тоа Мој брокер АД Скопје и Централна кооперативна банка АД Скопје заради нивно доброволно истапување од членство. На крајот на 2013 година вкупниот број на членки на ЦДХВ изнесуваше 13 членки, од кои 4 се банки и 9 се брокерски куќи.

Во табелата што следи наведени се состојбите со членките на Депозитарот на почетокот и на крајот од 2013 година.

| Код на Учесник | Назив | 01.01.2013 | 31.12.2013 |
|---|---|---|---|
| АВ | АЛТА ВИСТА БРОКЕР | √ | √ |
| ЕУ | ЕУРО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| МО | МОЈ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | X |
| ПЕ | ПЕОН БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| ПТ | ПОШТЕЛ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| СЛ | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | X |
| ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| ФР | ФЕРШПЕД БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |

### Теренски контроли на членките

Согласно Планот за вршење на теренска контрола на членките на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2013 година донесен согласно *Програмата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2013 година*, во текот на месец декември 2013 година, за прв пат во досегашното работење на Депозитарот извршени се редовни теренски контроли на пет членки на Депозитарот. Критериуми за утврдувањето на членките - предмет на контрола беа бројот на резервации во текот на 2013-та година и мерките за утврдени неправилности изречени од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во текот на 2013 година. При контролата беа вршени следните проверки:

- Контрола на полномошна од клиенти

- Увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување;
- Уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот.

Финализирањето на активностите кои произлегуваат од овие теренски контроли ќе продолжи во 2014-та година.

**Примена на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд**

Во текот на 2013 година, во неколку наврати во Депозитарот се спроведоа постапки согласно Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд, поради ненавремена уплата на парични средства за порамнување на вкрстени берзански трансакции.

Во текот на 2013 година нема ниту една непорамнета трансакција.

## Активности во делот на информатичката технологија

Од аспект на важноста на информациската безбедност на податоците со кои работи Депозитарот, во текот на 2013 година во Депозитарот се даде приоритет за започнување на серија од активности за зголемување на информатичката безбедност, примена на повисоки стандарди во работењето и унапредување на работните процеси. Во таа смисла, како најважни групи активности се издвојуваат следните:

- Започнување на активности за реновирање и осовременување на систем салата во која е лоцирана информатичката опрема на Депозитарот;
- Развивање на апликациско решение на системот на ЦДХВ согласно измените и дополнувањата на Правилата за работа на Депозитарот
- Виртуелизација на серверски машини;
- Воведување процедури за регулирање на пристапот во информацискиот систем на Депозитарот и регистрирање на логови за извршени увиди во системот на Депозитарот.

## Реновирање и осовременување на систем салата на Депозитарот

Со цел да се обезбедат мерки за физичка безбедност на инфомацискиот систем на Централниот депозитарот за хартии од вредност АД Скопје и да се задоволат минималните препорачани стандарди од страна на Министерството за информатичко општество како и Правилникот за технички и организациони мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци донесен од ЦДХВ, во четвртиот квартал на 2013 година Депозитарот започна активности за осовременување на неговата систем сала во која е сместена информатичката опрема на ЦДХВ. Оваа активност е првиот чекор и предуслов кон воведувањето на нови услуги во работењето на Депозитарот кои ќе претстојат во наредниот период.

Стандардите за информациската безбедност наложуваат информатичките центри да се усогласени со повеќе параметри, меѓу кои: соодветни градежни решенија (на пр. подигнат антистатички под на систем салата), системи и решенија за заштита од пожар, системи за прецизна климатизација, системи за резервно напојување со УПС уреди, системи за контролиран пристап и др.

Врз основа на претходнонаведеното, направена е анализа на постоечката состојба и барањата на новата сала, при што се дефинирани насоките и постапките за одвивање на активностите на реновирањето и осовременувањето. Најпрвин, се пристапи кон анализа за избор на најсоодветна локација за салата, и како таква избрана е веќе постоечката локација. Тргнувајќи од буџетската рамка која е одобрена за оваа цел во 2013г. од една страна, и многубројните стандарди кои треба да ги задоволи една современа систем сала од друга, утврдени се приоритетните точки кои е неопходно да се имплементираат во оваа фаза. Притоа, имајќи ги предвид вкупните средства потребни за целосна реализација на ваков тип на активност, прифатен е принципот на целосно изведбено решение на градежните работи и инсталациите, а фазна набавка на потребната опрема, согласно приоритетите за набавки. Се очекува целокупната активност околу

реновирањето и осовременувањето на систем салата на Депозитарот да заврши заклучно со април 2014 година, по што ќе продолжат етапните набавки на потребната дополнитена опрема.

## Развој на апликациски решенија

Во текот на 2013 година беа превземени активности за софтверска имплементација на нови решенија согласно усвоените измени на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност, кои стапија на сила на 28.02.2013 година, на што претходеа следниве активности:

- Развој на ново системско решение за евиденција на сопствениците на хартии од вредност кај старателските, застапничките и портфолио сметки
- Измена на процедурите во делот за регистрација на овластување за увид во сметка и/или резервација на сопственичките позиции
- Развој на ново системско решение за увид во сметки за старателските банки
- Дефинирање на нови типови на корисници во состав на членки - старатели

По развивање на софтверските решенија од страна на информатичкиот тим на Депозитарот се пристапи кон тестирање на истите и инсталација на нова верзија на апликацијата кај членките на ЦДХВ. Работата на членките на Депозитарот на новата верзија на апликацијата започна без констатирани проблеми, како кај членките, така и во ЦДХВ.

## Други поважни активности во делот на информатичката технологија

Покрај тековните активности реализирани во делот на информатичката технологија кои овозможија тековно и непречено одвивање на деловните операции во Депозитарот и редовно и навремено исполнување на сите обврски што произлегуваат за Депозитарот во делот на регистрирањето, утврдувањето и порамнувањето на хартии од вредност и спроведувањето на нетрговски преноси, како поважни други активности во делот на информатичката технолоција се издвојат:

- Виртуелизација на една серверска машина, со што се овозможи поголемо користење на капацитетите на серверот без потреба од инвестициски активности за набавка на најмалку уште два други сервери;
- Воведување процедури за регулирање на пристапот во информацискиот систем на Депозитарот и регистрирање на логови за извршени увиди во системот на Депозитарот, согласно одредбите на актите за заштита на личните податоци;
- со цел следење и имплементација на современите текови во однос на услугите кои ги нудат депозитарите од регионот и подигнување на стандардите во однос на обезбедување на лесно достапни и навремени информации, во текот на 2013 година се интензивираа истражувањата на техничките решенија за имплементација на сервиси кои ЦДХВ би ги поставил на веб портал, како и испитување на техничките решенија за обезбедување на сигурност на податоците при воспоставување и користење на веб сервиси за корисниците на услугите на Депозитарот;
- согласно Одлуката за најнискиот апоен на денарите во прометот на НБРМ како и Стандардот за намената и форматот на пораките во МИПС кој започна да се применува од 01.01.2013 година, беа усогласени сите

процедури кои се однесуваат на трансакциите склучени на Македонска берза при што заокружувањето се врши на ниво на крајниот износ на трансакциите;

- беа спроведени организациони преструктурирања на Дирекцијата за информатичка технологија во насока на оптимално извршување на тековните и развојните процеси;
- во вториот квартал на 2013 година беше извршена промена на провајдерот на интернет усуги, при што се постигна значајно подобрување на квалитетот на услугата.

## Правни и нормативни активности

- **Изменување и дополнување на акти на Депозитарот кои подлежат на согласност од КХВ**

### Правила за работа на Депозитарот

На почетокот на 2013 година, Комисијата за хартии од вреднот на Република Македонија даде согласност на одлуките за измени и дополнувања на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје усвоени од страна на Одборот на директори во текот на месец декември 2012 година. По одобрувањето, следуваше изготвувањето на пречистен текст на Правилата за работа, кои се доставени до членките на Депозитарот и објавени на веб страната на Депозитарот. Поголемиот дел од измените на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје, особено измените кои се однесуваат на третманот на збирната сметка како и можноста за увид во сметката за хартии од вредност на овластени лица вработени кај овластените учесници на пазарот кои вршат работи на чување на хартии од вредност, беа воведени по барање на членките на Депозитарот. Останатите предложени измени се однесуваа на допрецизирање на одредби на Правилата за работа, како и регулирање на одредени процедури кои досега не биле дел од Правилата за работа, а кои како функционалности се дел од секојдневната работа на Депозитарот.

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје на седницата која се одржа на 29.10.2013 година донесе уште една Одлука за изменување на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје. Предвидените измени и дополнувања на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје повторно беа резултат, пред се, на барањата на членките на Депозитарот, како и од искуствата од примената на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд. Имено, од страна на членките на Депозитарот во изминатиот период беше укажувано на потешкотии во спроведувањето на одредбите од Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје кои се однесуваат на уплата на паричните средства за порамнување на посебна сметка на Депозитарот во случај на трансакциии каде како посредник во берзанските трансакции и на куповната и на продажната страна се јавува истата членка. Овие потешкотии, како што образложуваа членките, најмногу произлегува од кратките крајни рокови за уплата на потребните парични средства на денот на порамнувањето. Имајќи предвид дека иницијалните рокови уредени со Правилата за работа беа уредени од КХВ, за измените на Правилата за работа беа извршени потребните консултации со Комисијата за хартии од вредност, при што беше дефинирано ново прифатливо решение, како за КХВ така и за членките на Депозитарот. Со донесените измени на Правилата за работа на Депозитарот се овозможи поголема флексибилност за членките за уплата на средствата на самиот ден на порамнување и намалување од ризиците за непорамнети трансакции, што доведуваше до ситуации на трпење на штета од страна на членките. Имено, при доцнење на уплатата на паричните средства Депозитарот задолжително постапува по Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд. На 04.12.2013г., до Депозитарот е доставено Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за давање согласност на овие измени.

**Правила за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд**

На почетокот на 2013 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија даде согласност на новите Правила за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд усвоени од страна на Одборот на директори во текот на месец декември 2012 година. Донесувањето на нови Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд произлезе од потребата во случај на активирање на Гарантниот фонд, Депозитарот сите активности да ги спроведе во еден ден, со цел да се зголеми сигурноста на инвеститорите во поглед на намалување на ризикот од непорамнување согласно роковите утврдени при склучувањето на трансакцијата. Со почетокот на примената на новите Правила за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд значително се подобрија околностите за функционирањето на овие процедури во случај на задоцнети уплати на средства за порамнување.

**Нова Тарифа на ЦДХВ**

Со цел воведување на нови услуги за своите потенцијални корисници, утврдување на надоместок за одредени услуги кои Депозитарот за своите корисници во изминатиот период ги обезбедуваше без надоместок, како и прецизно дефинирање на веќе воведените надоместоци, во 2013 година се работеше на дефинирањето на нова *Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги*. По подолг период на усогласувања на ставови и анализи на ефектите од новата тарифа помеѓу Депозитарот, КХВ и Министерството за финансии, како и измени и дополнувања на основниот текст на предложената Тарифа, на 31.10.2013 година стапи на сила пречистениот текст на новата Тарифа на Депозитарот (во која се вградени забелешките на КХВ и интервенциите што ги направи Депозитарот заради постапување односно позиционирање по барањата за промени во Тарифата истакнати од КХВ).

Со новата Тарифа извршена е рекласификација и подредување на тарифните ставки, при што надоместоците се организирани во 4 групи на услуги за кои ЦДХВ наплатува надоместоци:

1. Услуги за издавачите на хартии од вредност
   - Регистрациски активности
   - Корпоративни активности
   - Услуги за известување на издавачите
2. Услуги за членките на Депозитарот
3. Услуги за утврдување и порамнување
4. Услуги за сопствениците на хартии од вредност и останати субјекти – корисници на услуги на ЦДХВ

Во воведниот дел од Тарифата внесени се општи одредби кои го дефинираат предметот на уредување на Тарифата, начинот и времето на подготвувањето и доставувањето на фактурите, рокот за плаќање на фактурите, пресметувањето и искажувањето на данокот на додадена вредност. Заради флексибилност на Тарифникот во однос на големи и специфични корисници на неговите услуги, предвидено е дека ЦДХВ може да даде попусти согласно склучени договори со институции (како на пример министерства, ПИОМ, НБРМ и други корисници кои не се друштва основани согласно Законот за трговски друштва).

Во делот на новините предвидени со оваа Тарифа, истите, во основа, можат да се поделат во две групи:

- нови надоместоци со кои се воведуваат тарифни ставки за услуги кои Депозитарот досега не ги наплаќал, а се од облигаторна природа за корисниците на неговите услуги
- нови надоместоци со кои се воведуват тарифни ставки за услуги од комерцијална природа, кои Депозитарот ги воведува заради поголема ефикасност во користењето на неговите капацитети, а се од доброволна природа за корисниците на неговите услуги.

Поединечно, сите нови тарифни ставки имаат мали апсолутни износи, но кумулативно истите влијаат на обезбедувањето на нови приходи за Депозитарот.

Планираните нивелации на извесни тарифни приходи не се реализираа преку зголемување на тарифните ставки за годишни членарини за акционерските друштва, туку преку воведување на неколку нови тарифни ставки кои се однесуваат на издавачите на должнички хартии од вредност. Имајќи предвид дека во моментов единствен издавач на краткорочни и долгорочни должнички хартии од вредност е Министерството за финансии, товарот на потребата од позначајни нивелации во Тарифата на Депозитарот беше префрлена на овој издавач. Секако, овие активности беа направени во соработка со сите засегнати страни, при што беше искористена и опцијата од Тарифата за склучување на посебен договор кој предвидува поволности.

## ❖ Интерни акти на ЦДХВ

### Интерни акти согласно Законот за заштита на личните податоци

Имплементација на соодветни мерки со кои ќе се зголеми заштитата и тајноста на личните податоци и ќе се обезбеди целосна усогласеност со важечките прописи од областа на заштита на личните податоци, ја наметна потребата од усвојување на сет од интерни акти со кои се регулираа мерките и активностите неопходи за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Во овие интерни акти, усвоени од Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје во текот на месец јули, се вградени одредби со кои се утврдуваат механизми за заштита на личните податоци кои ги обработува Депозитарот. При изработката на овие акти без земени во предвид Мислењата од Дирекцијата за заштита на личните податоци, ревизорските препораки од надворешниот ревизор и т.н.„добра пракса". По нивното усвојување, пристапено е кон донесување на поединечни одлуки со кои подетално се уредуваат работни задачи за вработените од аспект на заштита на личните податоци.

Давањето на приоритет на спроведување на активностите во областа на заштита на личните податоци, покрај другите причини, е иницирано и од еден случај на неправилна евиденција во 2010 година, за која во текот на 2013 година во Депозитарот беше спроведен вонреден инспекциски надзор од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци. Врз основа на спроведениот надзор, во месец јуни до Депозитарот беше доставено Решение за утврдена повреда на правото на заштита на личните податоци. За истиот случај од страна на Комисијата за хартии од вредност на Депозитарот беше изречена мерка - јавна опомена. Токму поради овие настани, Депозитарот интензивно работеше во 2013 година да развие процедури за превенција од повторување на идни вакви настани.

Исто така, овие настани ја наметнаа потребата од донесување на *Упатство за спроведување на уписи на промени на сметки на хартии од вредност* во кое, меѓу другото, се вградени одредби за начинот, постапката и неопходната документација при промена на личните податоци како минимум стандард за заштита на личните податоци. Во ова Упатство се образложени и одговорностите кои ги имаат вработените кои се вклучени во процесот на упис на промени на сметките на хартии од вредност кои не се резултат на тргување, како и потребната документација за спроведување на уписите на промените на сметките за хартии од вредност. Примерок од ова Упатство е доставено до Комисија за хартии од вредност и Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**Акти за систематизација и организација**

Со цел поголема ефикасност во работењето на Депозитарот, во текот на 2013 година извршена е реорганизација, односно Одборот на директори на Депозитарот донесе нов Правилник за организација и систематизација на ЦДХВ АД Скопје и Правилник за плати и наградување на вработените на ЦДХВ АД Скопје кои се применуваат од 01.05.2013г. Со Правилникот за организација и систематизација на ЦДХВ АД Скопје предвидено е организацијата на Депозитарот да биде во четири дирекции како посебни организациони едници со посебни надлежности, а понатаму, со цел да се зајакне индивидуалната одговорност на сите вработени во Депозитарот, као и прецизно утврдување на работните односи, издадени се поединечни задолженија за работа за секоја работна позиција, кои во зависност од потребите на работното место се ревидираат најмалку еднаш годишно.

**Други интерни акти**

- Врз основа на изменетите Правила за работа на ЦДХВ АД Скопје, Извршниот директор на Депозитарот во месец февруари 2013, донесе Техничко упатство за користење на апликацијата на ЦДХВ за членките на Депозитарот кое беше доставено до членките на Депозитарот и до Комисијата за хартии од вредност на РМ.
- Во текот на 2013 година, Депозитарот започна со подготовка на ново корисничко упатство за уписи на корпоративни дејства.
- Имајќи ја во предвид законската обврска за годишно ажурирање на Програмата за имплементација на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финасирање на тероризам, во првата половина од 2013 година изработени се измени на Програмата. Предложените измени беа предмет на консултација со Управата за финансиско разузнавање, со која што Депозитарот оствари и заеднички состанок на кој детално беа елаборирани сите отворени прашања. По однос на предложените измени добиено е позитивно мислење од Управата за финансиско разузнавање по што измените се усвоени на седница на Одброот на директори одржана во текот на месец јули 2013 година.

### ❖ Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ

Во текот на 2013 година Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до Комисијата за хартии од вредност:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, Депозитарот, на барање од Комисијата за хартии од вредност доставуваше податоци за евидентираните состојби во неговиот систем.

### ❖ Одржано акционерско собрание

На 22.05.2013г. беше одржана 17-та редовна годишна седница на Собранието на акционерите на ЦДХВ АД Скопје. Собранието во рамките на своите надлежности во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ расправаше и едногласно ги одобри следните акти:

- Извештајот за работењето на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2012 година,
- Извештајот за работењето на Одборот на директори за 2012 година,
- Годишната сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2012 година
- Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје , ревидирани од овластено ревизорско друштво,
- Одлуката за распоредување на добивката остварена по годишната сметка за 2012 година,
- Годишниот извештај за работење на Одделението за внатрешна ревизија
- Одлуката за назначување на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на ЦДХВ АД Скопје 2013 година и
- Програма за работа за 2013 година.

Во наредниот период беа реализирани сите објави и доставувања на информации и документи согласно закон (до ЦР, до КХВ, објави во весник и Службен весник и сл.)

### ❖ Други правни и нормативни активности

➢ Во текот на 2013 година, се интензивираа и активностите за наплата на побарувањата на Депозитарот преку поднесување на 11 предлози до надлежните нотари за донесување на решенија врз основа на веродостојни исправи (фактури). За сите поднесени предлози донесени се решенија за утврдување на побарувања,

врз основа на кои 5 од должниците ги подмирија долговите, 2 должника се согласија долгот да го подмират во текот на траењето на судските постапки, за 1 должник сеуште се води судска постапка, а на останатите 3 должници сметките им се блокирани.

- Во текот на 2013 година, Депозитарот беше странка во девет активни судски постапки од кои шест беа започнати изминатите години, а три постапки се започнати во 2013 година. Во сите овие постапки Депозитарот е тужена страна. За три од предметите кои се водат во прв степен во 2013 година донесени се пресуди во корист на Депозитарот, а за една од пресудите од другите страни во постапката доставена е жалба до Апелациониот суд во Скопје. Во однос на останатите судски постапки три од нив уште во 2012 година се завршени правосилно во корист на Депозитарот и против истите поднесена е ревизија до Врховниот суд на Република Македонија. За една од постапките која беше предмет на ревизија во Врховниот суд на Република Македонија, во 2013 година судот ја одби ревизијата како неоснована.

- Измените на Законот за хартии од вредност иницирани од Депозитарот беа вградени во текстот на измените на Законот усвоени во Собранието на Република Македонија и истите се објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2013 од 23.01.2013 година. Согласно новините во Законот, Депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод без надоместок само при регистрирање на хартиите од вредност и при настаната промена на сопственоста. Во суштина, со предметните измени се укина обврската за Депозитарот на годишно ниво да доставува извештаи за состојбите на сметките на хартии од вредност за сите иматели на сметки, со што се намалија расходите за Депозитарот.

- Од аспект на следење на правната регулатива која го уредува работењето на Депозитарот, проактивниот однос продолжи и во 2013 година. Согласно измените на Законот за трговските друштва објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.122/2012 од 2012-та година, утврдена е постапка за бришење на трговските друштва од евиденцијата на Централниот регистар доколку се настанати условите за бришење на „неактивен субјект" во ЦРМ или трговците трговските друштва се водат како блокирани од Управата за јавни приходи. По извршената анализа на предметната регулатива во ЦДХВ беа констатирани отворени прашања во однос на понатамошното постапување на ЦДХВ. Од тие причини, Депозитарот, се обрати со допис до Комисијата за хартии од вредност во кој ги предочи отворените прашања, даде предлози за дорегулирање на проблематиката и побара насоки за понатамошно постапување.

- Министерството за финансии достави до Депозитарот барање за мислење по Предлог текстот на новиот Закон за преземање на акционерски друштва. Во утврдениот рок Депозитарот до Министерството за финансии достави мислење по предлог-текстот на Законот за преземање на акционерски друштва, во врска со што беше одржана и средба со претставници на Министерството, на која беа образложени мислењата, забелешките и сугестиите на Депозитарот.

- Беа реализирани потребните активности за спроведување на надворешна контрола за усогласеноста на работата на Депозитарот со одредбите на Законот за заштита на лични податоци од страна на друштвото Трајковски и партнери ДОО Скопје. Истата беше спроведена во текот на месец март 2013г. На 18.04.2013 г. ревизорот достави финален Извештај кој беше прифатен од Извршниот директор. Со извештајот, освен утврдените наоди од аспект на усогласеноста на системот на ЦДХВ АД Скопје со важечката регулатива, дадени се и препораки кои произлегуваат од „добрата пракса" се со цел во ЦДХВ АД Скопје да се

имплементираат соодветни мерки со кои ќе се зголеми заштитата и тајноста на личните податоци.

- Во текот на 2013 година, Депозитарот постапуваше по барања за информации доставувани од Комисијата за хартии од вредност, Управата за јавни приходи, Агенцијата за финансико разузнавање, Државното правобранителство и други институции. Доставувани се одговори на барања на поединци и акционерски друштва.

- Во текот на годината Комисијата за хартии од вредност спроведе една редовна и неколку вондерни контроли над работењето на Депозитарот. Освен опишаната ситуација за случајот од 2010 година, во текот на 2013 година спроведените контроли од КХВ не резултираа со санкции кон Депозитарот ниту за одговорното лице.

- Врз основа на поднесената оставка на Олгица Михаилова Адевокатова од функцијата неизвршен член на Одборот на директори на Депозтарот ефективан од ден 01.11.2013 година, и, потоа, изборот на Катерина Илиќ Нонкуловска на нејзино место како вршител на должност член на Одборот на директори, извршен е упис на промените во Централен регистар на Република Македонија, и веднаш потоа доставени се известувања до Македонска берза АД Скопје, согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност.

## Меѓународна соработка

Во текот на 2013 година Депозитарот интензивно работеше на градење на релации преку мултилатералната и билатералната соработка со други депозитар и активно учество во работењето на меѓународните организации во кои Депозитарот членува.

Во однос на обврските од членството во меѓународните организации во кои Депозитарот членува како полноправна или асоцијативна членка, комуникацијата се одвиваше на редовна основа. Во текот на 2013 година Депозитарот редовно ги извршуваше своите обврски кон ANNA и кон FEAS преку испраќање на податоци на дневна основа и учество во истражувања. Депозитарот, како членка на ECSDA-Европската асоцијација на Депозитари, беше тековно информиран за настаните поврзани со нови европски регулативи од областа на пост-трговската инфраструктура, хартиите од вредност како и средбите и настаните кои оваа асоцијација фреквентно ги организира заради промовирање на интересите на своите членки во институциите на европската унија.

Притоа, Извршниот директор на Депозитарот во два наврати учествуваше на состаноците на Одборот на директори на ECSDA, првиот состанок во текот на месец февруари и вториот во месец октомври 2013 година, кога се одржа и вонредно собрание на Асоцијацијата. На состаноците на Одборот на директори на ECSDA се дискутираше за голем број отворени прашања околку реализација на проектот Target2Securities, за новите регулативни барања на Европската Унија во однос на депозитарите, за новите околу порамнувањето на хартии од вредност, како и за услугите кон издавачите на хартии од вредност

Во текот на 2013 година, Извршниот директор на ЦДХВ, како член на Одборот на директори на ФЕАС, во два наврати учествуваше на работните состаноци на ФЕАС. На состаноците се усвоени повеќе заклучоци и препораки во врска со идните насоки за развој на пазарите на хартии од вредност од регионите на FEAS, креирањето заеднички активности за претставување на пазарите на хартии од вредност, разработување на проблематиката на градење на односите со инвеститорите итн. Трошоците за учеството на годишното собрание на оваа организација беа целосно покриени од FEAS.

Во текот на 2013 година реализирана е работна средба на Verdipapirsentralen ASA (VPS) кој ја има улогата на единствен централен депозитар на Норвешка. При тоа, разменети се искуства во поглед на услугите кои ги нуди Норвешкиот депозитар кон инвеститорите и издавачите, со цел на иновација на нови продукти за потенцијалните корисници на услуги на Депозитарот. Остварена е и посета на DNB групацијата која ја има улогата на Оператор на сметки во рамките на Норвешкиот пазар на капитал. По посетата, откако е утврдена можност за финансирање на инвестиции во Република Македонија со грант од Кралството Норвешка преку билатерлна програма, следеа контакти и анализи за апликација за грант заради обезбедување на техничка поддршка и поддршка за набавка на опрема.

На покана на бугарскиот депозитар за хартии од вредност, Извршниот директор со вработени од Депозитарот присуствуваше на семинарот на кој беше презентиран новиот начин на комуникација на бугарскиот депозитар со регистрираните издавачи на хартии од вредност преку електронска комуникација и со помош на swift пораки, кое искуство претставува современ тренд за комуникација и за известување на јавноста за одредени корпоративни дејства.

## Други позначајни активности кои ја одбележаа 2013 година

Други позначајни активности кои се одвиваа во текот на 2013 година, а се од особено значење за Депозитарот се подолунаведените:

- Имајќи ги во превид актуелните состојби на пазарот на капитал во Република Македонија, и очекуваните текови во 2014-та година од една страна, и износот на надоместокот за надзор на депозитар кој Депозитарот го плаќа кон Комисија за хартии од вредност како расходна ставка од друга страна, Одборот на директори донесе Заклучок согласно кој треба да се продолжат преговорите со Комисија за хартии од вредност за намалување на износот на овој надоместок. Депозитарот, на 18.11.2013 година, формално се обрати со допис до КХВ со кој укажа дека надоместокот кој се плаќа кон Комисијата преставува значителен товар за финансиското работење на Депозитарот поради што е неопходно да претрпи концепциски промени. По приемот на Дописот, од страна на Комисијата доставено е барање за финансиски податоци и анализи за досегашното работењето на Депозитарот и проекции за 2014-та година за што Депозитарот навремено достави Одговор. Со оглед дека висината на надоместокот за надзор кој Депозитарот го плаќа кон КХВ преставува сериозно финансиско оптоварување за работењето на Депозитарот, активностите за иницирање на измена ќе продолжат и во 2014-та година.
- Во 2013 година Депозитарот и Министерството за финансии склучија Анекс на Договорот за запишување, водење и доставување на податоци за имателите на државни записи и Анекс на Договорот за меѓусебните права и обврски што произлегуваат од запишувањето, водењето, пресметувањето и сервисирањето на отплатата на долгорочните државни хартии од вредност. Со склучените Анекси се извршени промени на постојните договори и се воведени обврски за плаќање на Министерството за финансии согласно Тарифата на ЦДХВ, како за долгорочните хартии од вредност, така и за државните записи, на месечна основа, со 50% попуст, за сите услуги кои ЦДХВ ги дава на Министерството (попуст не е предвиден само за услугите за администрирање на сметките за старото девизно штедење).
- Со цел да се поттикнат иновациите во работењето на Депозитарот преку развивање на нови продукти во услови кога актуелната финансиска состојба е обременета со ниските нивоа на ликвидност на пазарот на хартии од вредност, остварена е комуникација со Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија за испитување на можностите и постапката за поднесување на апликација за користење на грант од Програмата за норвешка билатерална проектна помош. Доколку грантот биде обезбеден планирано е истиот да биде искористен за обезбедување на техничка поддршка за приближување кон стандардите на работење на поразвиените европските депозитари, за прилагодувања кон меѓународните ISO стандарди, за набавка на опрема, софтвер и знаење заради воведување на нови видови услуги за имателите на хартии од вредност, издавачите и другите засегнати субјекти, преку електронски пристап до базите на податоци во Депозитарот .
- На 09 мај во Скопје пред голем број на финансиски експерти од земјава и регионот, во организација на Македонската берза АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје се одржа заедничката „Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност 2013". Депозитарот за прв пат се јави како ко-организатор на овој настан.

## Остварени финансиски резултати во 2013 година

Во 2013 година, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **32.012.000 МКД**. Вкупните приходи се намалени во однос на остварените приходи во 2012 година за 17%, додека во однос на планираните приходи за 2013 година намалувањето изнесува 23%. Намалувањето на вкупните приходи во однос на планираните за 2013 година , како и во однос на реализираните во 2012 година е резултат на намалени приходи по однос на порамнувањето на трансакциите на овластена берза, како и намалување на приходите по основ на извршени услуги на правни и физички лица по тарифа на ЦДХВ АД Скопје.

Приходите остварени од камати изнесуваат 2.450.748 МКД и претставуваат 7,66% од вкупните приходи. Овој износ произлегува од камати од орочени депозити, камати на депозити повидување и приход остварен од продажба на удели во паричен фонд. Приходите по овој основ се помали во споредба со нивната реализација во 2012 година (23%) и во однос на планираните за 2013 година (20%). Намалувањето на приходите по овој основ главно е педизвикано поради континуираниот пад на активните каматни стапки и поради потребата од разрочувањето на мал дел од депозитите заради одржување на тековна ликвидност. Разрочувањето на дел од депозитите заради тековна ликвидност беше неопходно од причината што приходите по основ на годишни членарини кои што требаше да се реализираат во првите квартали на 2013 година се реализираа во последниот квартал на 2013 година, по одобрувањето на новата Тарифа на ЦДХВ, а заради единствена цел еднаков пристап кон фактурирањето на годишните членарини за водењето на регистарот за сите акционерски друштва во услови кога се преговараше за измени во висината на овие надоместоци. Во овој временски јаз на отсуство на наплатени позначајни приходи дојде до разрочувањето на мал дел од орочените денарски депозити. На 31.12.2013 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 1,6 и 12 месеци во вкупен износ од 48.600.000 МКД и орочени девизни депозити (во Евра) на 3 и 12 месеци во вкупен износ од 11.569.854 МКД.

Приходите по основ на провизии и надоместоци за 2013 година изнесуваат 28.568.763 МКД и истите се намалени за 19% во однос на 2012 година. Подетално подолу се презентирани сите видови приходи во оваа категорија:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на годишна членарина за 2013 година изнесуваат 1.612.800 МКД. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 5,04%. Приходите по овој основ се намалени за 11% во однос 2012 година и 7% во однос на планираните. Причината на намалените приходи во однос на 2012 година е тоа што во текот на 2013 година дојде до исклучување на две членки од членство во Депозитарот, на нивно барање.

- Остварените приходите по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2013 година изнесуваат 7.629.770 МКД и во вкупните приходи учествуваат со 23,83%. Намалувањето на приходите по овој основ е за 39% во однос на 2012 година и за 44% во однос на планираните. Намалувањето на приходите по овој основ е резултат на намалените реализирани промети со хартии од вредност на Берзата, кои во однос на 2012 година се намалени за 42%.

- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност изнесуваат 304.000 МКД. Приходите по

овој основ се зголемени и во однос на нивната реализација во 2012 година (6%), како и во однос на планираните за 2013 година (27%). Резултат на зголемувањето на овој приход е внесувањето во евиденцијата на поголем број новоосновани акционерски друштва (за поголем дел од нив Депозитарот самостојно, преку вкрстена проверка со Централниот регистар, констатира дека друштвата не се евидентирани во неговиот систем, па испрати дописи со укажување на ваквите друштва и инструкција за постапките што треба да ги преземат за усогласување со законот). Во вкупните приходи истите учествуваат со 0,95%.

- Остварените приходите по основ на годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот, годишна евиденција на акционерска книга со 1(еден) акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2013 година изнесуваат 10.686.125 МКД. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат 33,38%. Процентот на нивната реализација во 2013 година е со иста динамика како во 2012 година. Во однос на планираните приходи по овие основи евидентирано е намалување од 17% , главно од две причини - дел од акционерските друштва отидоа во стечај и ликвидација во 2013 година, а дел поради поинаквата структура на Тарифата на ЦДХВ од првично планираната.
- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 997.983 МКД и истите учествуваат во вкупните приходи со 3,12%.
- Остварените приходите по основ на упис на емисии во 2013 година изнесуваат 2.192.000 МКД. Во вкупните приходи истите учествуваат со 6,85%. Приходите по овој основ бележат пораст од 328% во однос на 2012 година, како и во однос на планираните. Овој приход произлегува од сите евидентирани емисии на хартии од вредност во системот на Депозитарот за 2013 година издадени од акционерски друштва и Министерството за финансии (согласно склучените анекси на договори).
- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на ХВ, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства,  во 2013 година изнесуваат 4.060.722 МКД. Во вкупните приходи учествуваат со 12,68%. Процентот на нивната реализација во однос на 2012 година бележи пад од 47%, како и пад во однос на финансикиот план за 2013 година од 46%. Резултат на намалување на овие приходи е отсуството на поголеми трансакции по овие основи, како и отсуството на новозапочнати постапки за преземање на акционерски друштва (најголемиот дел од приходите од двете реализирани постапки за преземање во 2013 година беа наплатени во 2012 година).
- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на подароци на ХВ, нетрговски преноси, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи изнесуваат 848.363 МКД. Во вкупните приходи учествуваат  со 2,65%. Процентот на нивната реализација бележи пад во однос на 2012 година од 31%, како и пад во однос на планираните за 2013 година од 45%. Резултат на намалување на овие приходи е отсуството на поголеми трансакции по овие основи.

- Остварените приходи по основ на увиди и копии во акционерски книги изнесуваат 237.000 МКД. Приходите по овој основ се реализирани со иста динамика како во 2012 година.

Депозитарот во 2013 година оствари останати приходи од дејност во износ од 992.489 МКД. Во овие приходи влегуваат наплатени отпишани побарувања, дополнителни приходи од минати години, приходи од наплата на казни за непораменти трансакции, приходи од наплата на премии за осигурување, приходи од вредносно усогласување на побарувања, приходи од наплатени законски камати. Најголем дел во останатите приходи од дејност се приходите по основ на вредносно усогласување на побарувањата кој произлезе од старосната структура на доспените побарувања од акционерски друштва. Во вкупните приходи приходите од останати приходи на дејност учествуваат 3,10%. Истите бележат пораст во однос на 2012 година од 584%. Приходите по овој основ бележат пораст и во однос на планираните за 2013 година (180%).

**Вкупните расходи** остварени во 2013 година изнесуваат 36.199.842 МКД и истите се за 2% повисоки од остварените во 2012 година. Доколку се земе предвид дека регулаторниот надоместок кој Депозитарот го плаќа кон Комисијата за хартии од вредност за 2012 година изнесувал 8.880.066 денари, а за 2013 година 9.669.780 денари, односно дека истиот е зголемен за 9% во однос на претходната година, произлегува дека зголемувањето на расходите во 2013 година во целост е резултат на зголемениот регулаторен надоместок. Реализираните вкупни расходи во 2013 година се за 12% помали во однос на планираните расходи за 2013 година.

Во 2013 година расходите за провизии и надоместоци главно се направени за провизии за банки и истите изнесуваат 125.111 МКД. Трошоците за провизии за банки се за 23% помали од оставрените во 2012 година, но зголемени за 67% во однос на проектираните за 2013 година. Зголемувањето на трошокот за банкарски провизии главно произлегува од трошокот за провизија што направен при реализацијата на преземањето на КЈУБИ АД Скопје и истиот потоа е наплатен од страна на преземачот Виена Иншуранс од Виена.

Трошоците за вработени во 2013 година изнесуваат 14.933.078 МКД и во нив се вкалкулирани бруто платите на вработените. Истите изнесуваат 41,25% од вкупните расходи и имаат иста динамика како во 2012 година со поголем број на вработени лица во Депозитарот. Овие трошоци не отстапуваат од планираните за оваа ставка (99% реализација). Во овие трошоци се вградени и трошоците за бруто платата на Извршниот директор од 2.795.937 денари.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 1.556.346 МКД, што претставува 4,30% од вкупните расходи. Трошокот на амортизација покажува мал пораст во однос на 2012 година ( 6%), како резултат на новонабавени материјални и нематеријални средства на крајот од 2012 година. Трошокот на амортизација покажува намалување во однос на планираното за 2013 година за 15%, како резултат на одложувањето односно подоцнежниот почеток на активностите за реновирањето на систем салата на Депозитарот. Амортизацијата на материјалните и нематеријалните вложувања е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Депозитарот.

Исправката на вредност на побарувањата на АД во 2013 година како трошковна ставка изнесува 2.223.703 МКД. Истата како трошковна ставка учествува со 6,14% од вкупните расходи. Трошокот по овој основ покажува зголемување во однос на 2012 година за 32%. Зголемувањето на трошокот по овој основ е од причина што во 2013 година над поголем број акционерски друштва беше отворена постапка на

стечај и ликвидација во споредба со 2012 година. Ако се изврши споредба на трошокот по основ на исправката на вредност на побарувањата на АД во 2013 година во однос на планираното за 2013 година истиот покажува намалување од 56%, поради продолжените рокови во Законот за трговски друштва за бришењето на неактивни субјекти, што соодветно има свој финансиски ефект на оваа ставка (имајќи предвид дека голем дел од овие друштва имаат значајни акумулирани неплатени обврски кон ЦДХВ).

Останатите расходи од дејност изнесуваат 17.361.604 МКД и истите учествуваат со 47,96 % од вкупните расходи, а 92% учествуваат во остварувањето на планот. Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Материјалните и слични трошоци изнесуваат 2.057.138 МКД или 5,68% од вкупните расходи (канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци од Заеднички служби во Комплекс НБРМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература)

- Трошоците за услуги изнесуваат 2.179.276 МКД и истите учествуваат со 6,02% од вкупните расходи. Во трошоците за услуги спаѓаат поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, сервисни услуги, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комунална такса, радиодифузна такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРМ. Во останатите трошоци за услуги се сместени и трошоците за ревизија на финансиските извештаи на депозитарот.

- Трошоците за надомест за Одбор на директори изнесуваат 2.023.384 МКД и тие изнесуваат 5,59% од вкупните расходи. Во однос на ланските истите се пониски поради поднесената оставка на еден член на Одборот на директори во текот на годината.

- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 286.369 МКД и истите се пониски за 5% во однос на планираните за 2013 година.

- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 170.361 МКД и претставуваат 0,47% од вкупните расходи. Во поглед на овие трошоци е постигната крајна економичност и рационалност. Трошоците по овој основ во однос на ланските се пониски за 60%, но истите се пониски во однос на планираните за 79% поради тоа што не се реализирани трошоците за заедничката едукативна кампања на Депозитарот, Берзата и КХВ, проектирани согласно барањата на Комисијата за хартии од вредност.

- Трошоците за осигурување изнесуваат 332.445 МКД и се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опрема, мебел, осигурување на вработените и извршниот директор. Во однос на ланските истите се повисоки за 183%, како резултат на направеното осигурување на извршниот директор во Ноември 2012 година. Сепак, во однос на овие трошоци Депозитарот остварува и соодветни приходи, имајќи предвид дека премијата во случај на некористење на осигурителната полиса ја користи Депозитарот.

Реализацијата на другите трошоци во 2013 година изнесува 642.851 МКД и претставуваат 1,79% од вкупните расходи. Овие расходи се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на Национални Нумерички Агенции (ANNA),

Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за бизнис картичка, трошоци за судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат на остварени пониски приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2013 година оствари загуба пред оданочување во износ од **4.187.842 МКД.**

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од **76.965 МКД** и загубата за деловната година за 2013 година изнесува **4.264.807 МКД.**

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2013 година изнесува **93.286.643 МКД.** Во структурата на активата најликвидните средства (паричните средства, депозити во банки орочени на 1месец ,6месеци и 12 месеци, со рок на разрочување од три дена) учествуваат со 65,97%, од што произлегува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства (19.478.146 МКД) учествува со 20,88% од вкупната актива, а побарувањата од комитенти изнесуваат 10.713.411 МКД или 11,48% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во најголем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва во Р.Македонија и од услугите извршени за Министерство за финансии на Р. Македонија кои се фактурирани на крајот од годината.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2013 година изнесува **93.286.643 МКД.** Вкупните обврски на 31.12.2013 година изнесуваат 3.264.490 МКД, а од тоа обврските спрема добавувачите изнесуваат 1.276.141 МКД. Најголемо учество во одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди чиј износ изнесува 1.988.349 МКД, е обврската по данокот на додадена вредност во вкупен износ од 1.985.499 МКД и 2.850МКД за обврски по банкарски провизии кои достасуваат со 31.12.2013 година, а истите ќе бидат платени во Јануари 2014 година.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2013 година, со загубата за финансиската година, изнесуваат 90.022.153 МКД. Од тоа запишаниот капитал изнесува 48.305.935 МКД, резервите 27.258.147 МКД, загуба за финансискта година 4.264.807 МКД и задржана добивка 18.722.878 МКД.

**Скопје,Февруари 2014 година**

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Антигона Буклеска Младеновиќ**

Централен депозитар за хартии од вредност Скопје ЦДХВ АД

# ПРИЛОГ 1

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на ден 31.12.2013

### АКТИВА

во денари

| Назив | 2012 | 2013 | Индекс 2013/2012 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **1,146,364** | **1,375,164** | **120** |
| **2.Кредити на и побарувања од банки и комитенти** | **72,572,252** | **70,883,265** | **98** |
| Депозити | 65,736,487 | 60,169,854 | 92 |
| Побарување од комитенти | 6,835,765 | 10,713,411 | 157 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **547,511** | **406,860** | **74** |
| **5.Материјални средства** | **20,445,393** | **19,071,286** | **93** |
| **6.Останати средства/побарувања** | **1,435,863** | **1,140,433** | **79** |
| Побарувања за данок на добивка | 473,881 | 396,916 | 84 |
| Останати побарувања | 961,982 | 743,517 | 77 |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **281,045** | **333,164** | **119** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **96,504,899** | **93,286,643** | **97** |

### ПАСИВА

| Назив | 2012 | 2013 | Индекс 2013/2012 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **2,217,939** | **3,264,490** | **147** |
| Останати обврски | 1,236,742 | 1,276,141 | 103 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 981,197 | 1,988,349 | 203 |
| **2.Капитал и резерви** | **94,286,960** | **90,022,153** | **95** |
| Запишан капитал | 48,307,896 | 48,305,935 | **100** |
| Резерви | 27,256,186 | 27,258,147 | **100** |
| Добивка за финансиска година | 2,897,637 | | **0** |
| Загуба за финансиска година | | -4,264,807 | **0** |
| Задржана добивка | 15,825,241 | 18,722,878 | 118 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **96,504,899** | **93,286,643** | **97** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

**во периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013 година**

| Приходи | 2012 | 2013 | Индекс 2013/2012 | Програма 2013 | Индекс 2013/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **3,173,614** | **2,450,748** | 77 | **3,058,000** | 80 |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **35,249,290** | **28,568,763** | **81** | **38,180,451** | 75 |
| Надомест за прием на нови членки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Годишна членарина за членство | 1,839,600 | 1,612,800 | 88 | 1,738,800 | 93 |
| Приходи од порамнување на овластена берза | 12,412,350 | 7,629,770 | 61 | 13,550,000 | 56 |
| Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 288,000 | 304,000 | 106 | 240,000 | 127 |
| Приходи од членарини за годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот ,годишна евиденција на акционерска книга со еден акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на акции | 11,119,755 | 10,686,125 | 96 | 12,809,651 | 83 |
| Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 0 | 997,983 | 0 | 0 | 0 |
| Приходи од упис на емисии | 512,000 | 2,192,000 | 428 | 512,000 | 428 |
| Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 7,591,306 | 4,060,722 | 53 | 7,500,000 | 54 |
| Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 1,228,279 | 848,363 | 69 | 1,550,000 | 55 |
| Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 258,000 | 237,000 | 92 | 280,000 | 85 |
| **3.Останати приходи од дејност** | **145,126** | **992,489** | **684** | **355,000** | **280** |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | | | | | |
| **Вкупни приходи** | **38,568,030** | **32,012,000** | **83** | **41,593,451** | 77 |

| Расходи | 2012 | 2013 | Индекс 2013/2012 | Програма 2013 | Индекс 2013/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи од провизии и надоместоци** | **162,670** | **125,111** | 77 | **75,000** | 167 |
| Провизии од банки | 162,670 | 125,111 | 77 | 75,000 | 167 |
| **2.Нето загуба од курени разлики** | | | 0 | | 0 |
| **3.Трошоци вработени** | **14,981,877** | **14,933,078** | **100** | **15,075,000** | 99 |
| **4. Амортизација** | **1,471,739** | **1,556,346** | **106** | **1,824,893** | 85 |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **1,684,342** | **2,223,703** | **132** | **5,000,000** | 44 |
| **6.Останати расходи од дејност** | **17,182,442** | **17,361,604** | **101** | **18,958,407** | 92 |
| Материјални исличини трошоци | 2,193,706 | 2,057,138 | 94 | 2,497,000 | 82 |
| Трошоци услиги | 2,622,863 | 2,179,276 | 83 | 2,727,183 | 80 |
| Провизија за КХВ | 8,880,066 | 9,669,780 | 109 | 8,863,964 | 109 |
| Одбор на директори | 2,123,335 | 2,023,384 | 95 | 2,040,000 | 99 |
| Трошоци за службени патувања | 251,302 | 286,369 | 114 | 300,000 | 95 |
| Трошоци за репрезентација,реклама и пропоаганда | 429,753 | 170,361 | 40 | 800,000 | 21 |
| Осигурување | 117,402 | 332,445 | 283 | 367,482 | 90 |
| Други трошоци | 564,015 | 642,851 | 114 | 1,362,778 | 47 |
| **Вкупни расходи** | **35,483,070** | **36,199,842** | **102** | **40,933,300** | **88** |
| **Добивка пред оданочување** | **3,084,960** | | | **660,151** | **0** |
| **Загуба пред оданочување** | | **4,187,842** | | | |
| **Данок на непризнаени расходи** | **187,323** | **76,965** | | | |
| **Добивка за финансиската година** | **2,897,637** | | | | |
| **Загиба за финанската година** | | **4,264,807** | | | |

## ПРИЛОГ 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2013 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **Број на новоиздадени хартии од вредност** | **Вкупна вредност на емисијата** |
|---|---|---|---|---|
| НОВ ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 09.01.2013 | 510 ОБИЧНИ | 51.000,00 ЕУР |
| АСУЦ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 18.02.2013 | 500 ОБИЧНИ | 50.000,00 ЕУР |
| ЦВО БРОКЕР АД ОХРИД | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 02.04.2013 | 1.500 ОБИЧНИ | 150.000,00 ЕУР |
| НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП АД ТЕТОВО | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 03.04.2013 | 1.000 ОБИЧНИ | 50.000,00 ЕУР |
| ФК МЕТАЛУРГ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 15.07.2013 | 253 ОБИЧНИ | 25.300,00 ЕУР |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ ВАРДАР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 01.08.2013 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000,00 ЕУР |
| ФК ШКЕНДИЈА АД ТЕТОВО | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 30.08.2013 | 500 ОБИЧНИ | 1.550.000,00 МКД |
| ОБД МЕГА БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 02.10.2013 | 500 ОБИЧНИ | 50.000,00 ЕУР |
| ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД ШТИП | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 04.10.2013 | 250 ОБИЧНИ | 25.000,00 ЕУР |
| ТАУРУС ГРУПА АД КАВАДАРЦИ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 15.10.2013 | 5.171 ОБИЧНИ | 263.565,87 EUR |
| ФК МАКЕДОНИЈА ЃП - 1932 АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 16.10.2013 | 250 ОБИЧНИ | 25.000,00 ЕУР |
| ГРАФИКА ИНВЕСТ АД КАВАДАРЦИ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 17.10.2013 | 5.053 ОБИЧНИ | 257.551,41 EUR |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ РАДОВИШ АД РАДОВИШ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 31.10.2013 | 250 ОБИЧНИ | 1.537.500,00 МКД |
| АДЗО МАКО АС АД СТРУМИЦА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 05.11.2013 | 15.000 ОБИЧНИ | 15.000,00 ЕУР |
| ФУДБАЛСКИ КЛУБ РАБОТНИЧКИ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 01.11.2013 | 250 ОБИЧНИ | 25.000,00 ЕУР |
| ФУДБАЛСКИ КЛУБ ЕУРОМИЛК ГЛ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 13.11.2013 | 250 ОБИЧНИ | 25.000,00 ЕУР |
| РК МЕТАЛУРГ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 17.12.2013 | 254 ОБИЧНИ | 1.562.100,00 МКД |
| ФК ТЕТЕКС АД ТЕТОВО | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 25.12.2013 | 500 ОБИЧНИ | 1.550.000,00 МКД |

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2013 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **Број на новоиздадени хартии од вредност** | **Вкупна вредност на емисијата на х.в.** |
|---|---|---|---|---|
| ВИНЕР ЛАЈФ - ВИГ АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 15.03.2013 | 1.000 ОБИЧНИ | 1.000.000,00 ЕУР |
| КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 23.04.2013 | 200 ОБИЧНИ | 200.000,00 ЕУР |
| САФЕ ИНВЕСТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 05.06.2013 | 3.500 ОБИЧНИ | 35.000,00 ЕУР |
| КД ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 31.07.2013 | 20.000 ОБИЧНИ | 200.000,00 ЕУР |
| ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | СЕДМА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 19.08.2013 | 732 ОБИЧНИ | 374.264,28 ЕУР |
| МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ | ТРЕТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 21.11.2013 | 1.620 ОБИЧНИ | 162.000,00 ЕУР |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2013 година

| |
|---|
| ДОМАТТИ АД - СВЕТИ НИКОЛЕ |
| ВЕЛЕСПРОМ АД - ВЕЛЕС |
| КИРО ЌУЧУК АД - ВЕЛЕС |
| ТУТУНОВ КОМБИНАТ АД - КУМАНОВО |
| ЖИТО НАМА АД - КУМАНОВО |
| ФАБРИКА ИЛИНДЕН АД - СКОПЈЕ |
| МЕТАЛЕЦ АД - ПРИЛЕП |
| ШИК ПЛАЧКОВИЦА АД - РАДОВИШ |
| 25 МАЈ АД - СКОПЈЕ |
| ЖИВИНАРСКА ФАРМА БЕЛИМБЕГОВО АД - СКОПЈЕ |
| РЕМОНТ НА ПРУГИ АД - СКОПЈЕ |
| ОХИМ ГЕС АД - ГОСТИВАР |
| ЕУРОМИЛК КСЛ АД - СКОПЈЕ |
| ТРЕСКА 30-ТИ АВГУСТ АД - ВИНИЦА |
| СИГУРНОСНИ ПОЈАСИ АД - БЕЛЧИШТА |

Евидентирани ликвидации над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2013 година

| |
|---|
| ЕНЕРГЕТИКА АД - СКОПЈЕ |
| МОЈ БРОКЕР АД - СКОПЈЕ |
| ЈОРСЕТ ХОЛДИНГС МК АД СКОПЈЕ |
| ЕТЕРНА АГРОЕКСПОРТ АД - БИТОЛА |

Акционерски друштва кои во 2013 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба

| | Преобразено во: |
|---|---|
| Риба Златен Крап АД с. Долнени | ДОО |
| Оаза угостителство и трговија АД Штип | ДООЕЛ |
| Напредок АД тетово | ДООЕЛ |
| Исхрана АД Скопје | ДОО |
| НЦАБ Македонија | ДОО |
| Окитекс АД Скопје | ДОО |